# ГРАФОМЕТРИКС

Година 2, Број 1 (тематско издание)

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС: СИРОМАШТИЈА И НЕЕДНАКВОСТ

- Според Лаекен индикаторите на сиромаштија за 2011 година објавени од Државниот завод за статистика:
    - Линијата на сиромаштија за самечко домаќинство изнесува 63.692 денари годишен еквивалентен приход.
    - Линијата на сиромаштија за четиричлено домаќинство (2 возрасни и 2 деца помали од 14 години) изнесува 133,754 денари годишен еквивалентен приход.
    - 27,1% од населението во Македонија живее под линијата на сиромаштија; стапката е повисока кај жените (27,5%) во споредба со мажите (26,7%).
    - Стапката е највисока кај домаќинства со двајца возрасни и повеќе од две издржувани деца (57%), невработени (48,7%) и самохрани родители со издржувани деца (38,3%).
    - Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии, изнесува 47,1% од вкупното население.
    - Џини коефициентот кој ја мери нееднаквоста на распределбата на приходите изнесува 39,2.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Ул. Железничка 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графикони за Македонија

**Стапки на релативна сиромаштија во Македонија**




*Извор: Државен Завод за Статистика, пресметка на Finance Think*

Стапката на релативна сиромаштија во Македонија од 19% во 1997 година порасна на 30.4% во 2011 година. Предолгиот транзициски процес, недостатокот на стратешки документи и планови за акција за справување со сиромаштијата се само дел од причините за овој тренд. Првата Национална Стратегија за справување со сиромаштијата е развиена во 2010 година.

**Распоред на доходот помеѓу најбогатите 10% и најсиромашните 10 % во Македонија**




*Извор: Светска Банка, пресметка на Finance Think*

Нееднаквоста помеѓу богатите и сиромашните во Македонија се зголемува.

Најбогатите 10% во 2000 располагале со 25,8% од доходот, додека во 2010 година, со 31,9%, на сметка на најсиромашните 10% чиј удел во доходот од 2,4% во 2000, се намалил на само 1,9% во 2010 година.

# Графикони за Македонија

**Социјални трансфери предвидени во Буџетот**




*Извор: Буџет на РМ 2010-2013; пресметка на Finance Think*

Во последните четири години, социјалните трансфери бележат тренд на раст и нивното учество во вкупните буџетски расходи достигна и до 45% во 2013 година. 54% од вкупниот износ отпаѓаат на расходи за исплата на пензии.

**Буџетски средства за активни мерки, предвидени во Националната стратегија за намалување на сиромаштијата**




*Извор: Буџет на РМ; пресметка на Finance Think*

Износот на финансиски средства во Буџетот наменети за финансирање на активните мерки за намалување на сиромаштијата (поттикнување на вработувањето, изградба на социјални станови и сл.), од 2010 наваму постојано се зголемува. Но, во вкупните буџетски средства наменети за финансирање на сите владини програми, овој износ учествува со нешто помалку од 1% и само 0,13% во вкупните буџетски расходи .

# Графикони за регионот

**Дистрибуција на доходот според квантили**




*Извор: Светска Банка, пресметка на Finance Think*

Во земјите од регионот, најбогатите 20% располагаат со 36% до 49% од вкупниот доход, на сметка на најсиромашните, кои располагаат со 5% до 10% од вкупниот доход. Најголем јаз во дистрибуцијата на доходот помеѓу најбогатата петтина и најсиромашната петтина од населението има во Македонија (44 п.п.), Босна и Херцеговина (47 п.п.) и Латвија (35 п.п.).

**% од населението под 5 и 2,5 долари на ден во земјите од регионот**




58% од населението во Албанија и 41% во Македонија живеат со помалку од пет долари на ден, правејќи ги овие земји лидери по сиромаштија во регионот. Земји со најниска стапка на сиромаштија се Хрватска (0,5%) и Унгарија (6%).

*Извор: Светска Банка; пресметка на Finance Think*

# Инфографикон




1,4 милијарди луѓе - или 20 проценти од светското население - живеат во екстремна сиромаштија, трошејќи помалку од 1,25 долари на ден. Тоа е еквивалент на повеќе од четири и пол пати од населението на САД, или речиси три пати повеќе од населението на сите земји во Европската унија заедно.